**Прилеп,**
**Наш број:10-643/4 од 16.12.2024 год.**

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог заклучок за одобрување на проектна програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - Нов 0,4 kV кабелски вод низ КП бр.4616 (КО Варош) – Општина Прилеп и поставување на нови кабелски разводни ормари и мерен**, со архивски број 03-12/1 од Ноември 2022 година, изработена од „МЕХАНОТЕХНИКА" ДООЕЛ - Битола, со површина на плански опфат од 0,01 ха и должина на проектниот опфат 173 м¹, Градоначалникот на Општина Прилеп, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА, проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - Нов 0,4 kV кабелски вод низ КП бр.4616 (КО Варош) – Општина Прилеп и поставување на нови кабелски разводни ормари и мерен, со архивски бр. 03-12/1 од Ноември 2022 година, изработена од „МЕХАНОТЕХНИКА" ДООЕЛ - Битола, со површина на плански опфат од 0,01 ха и должина на проектниот опфат 173 м¹, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП, со број 47067.

## Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Планска програма заведено под арх. бр. 10-634 од 07.11.2022 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 47067. Кон барањето беа приложени проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - Нов 0,4 kV кабелски вод низ КП бр.4616 (КО Варош) – Општина Прилеп и поставување на нови кабелски разводни ормари и мерен, со архивски бр. 03-12/1 од Ноември 2022 година, изработена од „МЕХАНОТЕХНИКА" ДООЕЛ - Битола, со површина на плански опфат од 0,01 ха и должина на проектниот опфат 173 м¹. Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до Градоначалникот на Општина Прилеп достави Предлог – заклучок за одобрување на Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - Нов 0,4 kV

кабелски вод низ КП бр.4616 (КО Варош) – Општина Прилеп и поставување на нови кабелски разводни ормари и мерен.

Врз основа на претходнонаведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Прилеп утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).

Правна поука:
Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Борче Јовчески**

Borche Jovcheski

Digitally signed by Borche Jovcheski
Date: 2024.12.17 14:49:36 +01'00'


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk